# Безбедно собирање и исфрлање на игли и шприцови



Септември 2003

***Ризикот од заразување со HIV (вирусот кој ја предизвикува сидата) или со вирусите кои се пренесуваат со крвта со повредување со игла и шприц е многу мал.***

**Што треба да сторите ако најдете исфрлена игла и шприц**

Ако не сакате самите да ги исфрлите иглата и шприцот, или се на недостапно место, јавете се на тн. Disposal Help-line која работи 24 часа за упатства или за организирање на отстранувањето.

**Disposal Help-line**
**1800 552 355**

**или**

Ако вие ги отстранувате:

- Користете латекс или пластични ракавици за заштита. Со дебелите ракавици, на пр. оние за в градина, тешко е да се соберат иглите и шприцовите.
- Земете специјален сад со капак. Ваквите садови ќе ги најдете кај било кој Needle and Syringe Program и во повеќето општини. Ако немате сад, најдете цврст платичен сад, како празен сад од детергент. **Не користете** стаклени шишиња, зашто може да се скршат.
- Ако не се достапни, внимателно отстранете го ѓубрето или другите работи наоколу за да имате пристап.
- Ако има повеќе игли и шприцови одвојте ги со стапче или со крај од рачка од метла. **Внимавајте.** Потоа, секоја игла и шприц може да се соберат поединечно.
- Фаќајте ги иглите и шприцовите за пластичниот дел. **Не фаќајте ги** за крајот на иглата. Внимавајте иглата да е во спротивен правец од вас.
- **Никогаш** не ставајте го капачето на иглата иако го најдете истото.
- Ставете ги иглата и шприцот, прво крајот на иглата, во садот. Садот треба да биде поставен на стабилна подлога, не да се држи во рака.
- Затворете го капакот на садот.
- Ракавиците ставете ги во пластична кеса. Заврзете го крајот на кесата во јазел и исфрлете ја кесата во канта за ѓубре.
- Измијте ги рацете со сапун.
- Земете го садот до најблискиот Needle and Syringe Program, до општината или јавете се на Disposal Help-line за упатства. Не исфрлајте ги иглите и шприцовите во кантите за ѓубре, канализацијата или во клозет.

**Што треба да сторите ако се повредите со игла**

Ако се повредите со исфрлена игла и шприц, превземете ги следниве чекори:

- Измијте ја површината со течна вода.
- Добро измијте ја раната со сапун и течна вода.
- Ставете антисептик на раната и водоотпорен фластер.
- Појдете на лекар за проверка и соодветно лекување ако е потребно.
- Ако иглата и шприцот не можете да ги земете, одбележете го делот каде што се за да не се повреди некој друг и известете за истото.